Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), и Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата, Градоначалникот на Општина Велес, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за начинот и постапката за реализирање на манифестација „Велешко лето“**

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат начинот и постапката за организирање, подготовка и реализација на манифестацијата „Велешко лето“, начинот на објавување јавен повик, постапката за избор на учесници, надлежностите на Комисијата и донесувањето на програмата на манифестацијата.

Под поимот „реализирање“ се подразбира планирање, организација, координација и спроведување на сите активности поврзани со одржувањето на културната манифестација „Велешко лето“.

**Член 2**

Општина Велес, заради обезбедување квалитетна и разновидна програма, најдоцна до 1 јуни, во тековната година, објавува јавен повик на својата официјална веб-страна, а по потреба и преку други средства за јавно информирање. Повикот трае до 30 јуни тековната година.

Програмата се носи до 9 јули во тековната година.

Повикот останува отворен до завршување на манифестацијата. Доколку по 9 јули односно по донесување на програмата има доставено пријави, Комисијата е должна да ги разгледа и доколку има финансиски средства може да ја дополни програмата по добиена согласност од Градоначалникот.

На јавниот повик можат да се пријават:

- физички лица;
- самостојни уметници;
- здруженија на граѓани;
- културни установи;
- културно-уметнички друштва;
- музички состави;
- правни лица регистрирани за вршење дејност од областа на културата;
- други субјекти кои реализираат културни програми.

**Член 3**

Градоначалникот со решение формира Комисија за избор на учесници и подготовка на Програмата на манифестацијата „Велешко лето“.

Комисијата е составена од три члена, од кои претседател и двајца членови и нивни заменици.

Комисијата работи на седници кои ги свикува претседателот и одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови. За својата работа Комисијата составува записник кој треба да биде потпишан од сите членови на комијата.

Член на Комисијата кој има судир на интереси во однос на одредена пријава, односно е во роднинска, деловна, договорна или друга врска што може да влијае врз неговата непристрасност, е должен без одлагање да го извести претседателот на Комисијата и да се изземе од разгледувањето, оценувањето и одлучувањето по таа пријава.

Изземањето од ставот (3) на овој член се констатира во записникот составен на седницата.

**Член 4**

Манифестацијата „Велешко лето“ се одржува секоја година во периодот јули – август.

Средствата за организација и реализација на манифестацијата се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес, како и од други извори согласно закон.

**Член 5**

Комисијата врши проверка на пристигнатите пријави, ја оценува нивната содржина и врши избор на учесниците.

Доколку Комисијата утврди дека нема доволен број пријави или пристигнатите пријави не обезбедуваат квалитетна, разновидна и целосна програма, може да предложи дополнување на програмата со учество на еминентни уметници, културни институции, здруженија или други субјекти во рамките на обезбедените финансиски средства.

Врз основа на извршената евалуација, Комисијата изготвува Предлог-програма со распоред на настаните и финансиска конструкција, која ја доставува до градоначалникот на согласност.

По добивањето согласност од Градоначалникот, Комисијата ја утврдува конечната Програма за реализација на манифестацијата „Велешко лето“ и ја доставува до надлежното одделение за понатамошно постапување.

Доколку по донесувањето на Програмата, настанат околности што не можеле однапред да се предвидат, како што се временски неприлики, откажување на учесник, технички или организациски причини, безбедносни причини или други оправдани околности, Комисијата може да предложи измена или дополнување на Програмата.

Измената или дополнувањето на Програмата ја одобрува градоначалникот, при што се води сметка да не се надминат обезбедените финансиски средства.

Комисијата по завршување на манифестацијата е должна да изготви извештај и го доставува до Градоначалникот.

**Член 6**

При подготовката на Програмата Комисијата води сметка за:

- разновидност на содржините;
- рамномерна застапеност на музички, театарски, литературни, ликовни, филмски, танцови, фолклорни и други содржини;
- застапеност на програми наменети за деца, млади и возрасна публика;
- учество на локални автори, уметници, здруженија и институции;
- учество на етаблирани домашни и меѓународни уметници;
- промоција на културното наследство и современото творештво;
- финансиска оправданост на предложените програми;
- техничка и организациска изводливост на настаните;
- рамномерна распределба на настаните во текот на времетраењето на манифестацијата.

**Член 7**

Пријавите по јавниот повик Комисијата ги оценува според следните критериуми:

- квалитет на програмата;
- оригиналност и креативност;
- искуство и референци на учесникот;
- придонес во афирмацијата на културниот живот во Општина Велес;
- интерес за пошироката јавност;
- застапеност на програми за деца и млади;
- финансиска оправданост;
- техничка изводливост.

**Член 8**

При изборот на учесниците Комисијата води сметка за целокупниот концепт на манифестацијата, разновидноста на програмата, рамномерната застапеност на различни области на културата, динамиката на програмата и расположливите буџетски средства.

**Член 9**

Учесниците чии програми се избрани се должни да ги реализираат програмските активности согласно утврдените термини, техничките услови и договорените обврски.

Доколку избраниот учесник се откаже од учеството без оправдани причини, Комисијата може да предложи негова замена со друг учесник.

**Член 10**

Стручните, административните и техничките работи поврзани со реализацијата на овој Правилник ги врши надлежното одделение во Општина Велес.

**Член 11**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

Број 08–2420/29
09.07.2026 година